СВОД МАСТЕР АД

gley

# ПОКАНА

*ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА СОПСТВЕНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ЈАВНА ПОНУДА*

*II-ра ЕМИСИЈА НА ОБИЧНИ АКЦИИ-*

***Поканата за запишување и уплата на сопственички хартии од вредност-обични акции по пат на јавна понуда претставува извадок од Проспектот и содржи само основни податоци за обичните акции кои се предмет на јавната понуда. Сите други релевантни податоци кои му овозможуваат на купувачот на хартиите од вредност да направи проценка на правното, финансиското и деловното работење на издавачот, за инвестициониот ризик за правата кои произлегуваат од хартиите од вредност се содржани во Проспектот. Инвеститорот треба секоја одлука за инвестирање во хартиите од вредност да ја заснова на податоците и информациите содржани во Проспектот за јавна понуда на сопственички хартии од вредност-обични акции. Содржината на Проспектот за јавна понуда на сопственички хартии од вредност-обични акции е достапна бесплатно на веб страната на Македонска Берза АД Скопје и на сите места за купување на хартии од вредност.***

**1. Податоци за издавачот/ Të dhëna për emetuesin;**

**Полн назив, фирма и седиште на издавачот/ Emërtimi i plotë, firma dhe selia e emetuesit:**

Друштвото за услуги СВОД МАСТЕР АД Скопје со седиште на ул. Јуриј Гагарин 31Б/2-3, Скопје-Карпош.

**Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото/ Data e regjistrimit në regjistrin tregtar dhe numri amë i shoqërisë**

Решение за упис со деловоден број 35020240025788 од 06.12.2024 година.

Матичен број на друштвото е 7481101.

**Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време/ Data e themelimit të shoqërisë dhe koha për të cilën është regjistruar shoqëria, përveç kur është e themeluar për kohë të pacaktuar**

Друштвото е основано на 06.12.2024 година.

**Правна форма на друштвото/ Forma juridike e shoqërisë**

Друштвото за услуги СВОД МАСТЕР АД Скопје е организирано како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва.

**Основни дејности на издавачот/ Veprimtaritë bazë të emetuesit**

Основни дејности на друштвото за услуги СВОД МАСТЕР АД Скопје се:

-дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма.

**Износ на основната главнина и број, род и класа на хартиите од вредност од кои се состои основната главнина со состојба на денот на последниот биланс на состојба и состојба по промени во основната главнина што настанале по изготвувањето на последниот биланс на состојба/Shuma e principalit themelor dhe numri, gjinia dhe klasa e letrave me vlerë nga të cilat përbëhet principali themelor me gjendje në ditën e bilancit të fundit të gjendjes dhe gjendjen pas ndryshimeve në principalin themelor që kanë ngjarë pas përpilimit të bilancit të fundit të gjendjes**

Висината на основната главнина на издавачот изнесува 54.136.000 (педесет и четири милиони сто триесет и шест илјади) денари.

Износот на основната главнина на акционерското друштво е поделен на 541.360 (петстотини четириесет и една илјада триста и шеесет) обични акции и со ИСИН број MKSVOD101012.

Податоци за капиталот на друштвото со состојба на 31.12.2022 година и на 31.12.2023 година

| | ***31.12.2022*** | ***31.12.2023*** |
|---|---|---|
| Вкупно средства | 20.323.035 денари | 15.139.961 денари |
| - основна главнина: | 2.460.000 денари | 11.505.000 денари |
| -загуба/ добивка за деловната година: | (22.831.298) денари | (9.115.566) денари |
| Вкупно капитал и обврски | 20.323.035 денари | 15.139.961 денари |

На ден 06.12.2024 година, друштвото за услуги СВОД МАСТЕР Скопје се трансформира согласно Законот за трговски друштва од друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво. Со состојба на 31.12.2024 година капиталот на друштвото се состои од 541.360 (петстотини четириесет и една илјада триста и шеесет) обични акции со право на глас со поединечна номинална вредност од 100 денари по една обична акција.

**2. Причините поради кои се врши понудата односно намената на средствата од понудата/ Arsyet për shkak të së cilave bëhet oferta, respektivisht qëllimi i aseteve nga oferta**

Причина за издавањето на сопственичките хартии од вредност-обични акции е заради подобрување на финансискиот потенцијал на друштвото и остварување на планираните цели и стратегии за раст и развој на друштвото.

**3. Податоци за понудата на хартии од вредност/ Të dhëna për ofertën e letrave me vlerë**

**Бројот и датумот на актот за издавање на хартии од вредност/ Numri dhe data e aktit për emetim të letrave me vlerë**

Издавањето на сопственичките хартии од вредност по пат на јавна понуда II-ра емисија на обични акции се врши врз основа на Одлука бр. 16/0402-13 од 22-01-2025 година донесена од Собрание на акционери на друштвото за услуги СВОД МАСТЕР АД Скопје.

**Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат издадени/ Të dhëna për pëlqimet dhe miratimet në bazë të së cilave letrat me vlerë do të emetohen**

Издавањето на сопственичките хартии од вредност по пат на јавна понуда II-ра емисија на обични акции е одобрено со Одлука бр. 16/0402-13 од 22-01-2025 година донесена од Собрание на акционери на друштвото за услуги СВОД МАСТЕР АД Скопје

Издавањето и понудата на сопственички хартии од вредност по пат на јавна понуда II-ра емисија на обични акции е одобрена со Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр.УП1 Број 10-11 од 29.05.2025 година.

**Бројот на хартии од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата)/ Numri i letrave me vlerë që emetohen dhe vlera nominale e letrave me vlerë (vlera individuale dhe totale nominale e emetimit)**

Предмет на јавната понуда е емисија на 200.000 (двесте илјади) сопственички хартии од вредност- обични акции од II-ра емисија.

Номиналната вредност на обичните акции е 100 (сто) денари за една обична акција.

Минималната продажна вредност по акција изнесува 600 (шестотини) денари.

Вкупната продажна вредност на II-ра емисија на обични акции изнесува 120.000.000 (сто и дваесет) милиони денари.

**Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор/Çmimi me të cilin letrat me vlerë do të ofrohen, si dhe mënyra e përcaktimit të çmimit në përputhje me rregullat e një burse të autorizuar përmes së cilës kryhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi ka përmbyllur marrëveshje për këtë**

Цената по која купувачите ќе ги запишат и уплатат обичните изнесува 600 (шестотини) денари по една обична акција. Продажбата на сопственичките хартии од вредност-обични ќе се врши по пат на јавна понуда преку Македонска Берза АД Скопје, согласно Анекс 3 од Правилата за тргување според моделот на одредување на минимална продажна цена со давање приоритет на налози со повисока цена и порано време на внес на налог во БЕСТ системот.

При давање на приоритет на налози со порано време на внес на налогот, БЕСТ системот ги подредува внесените куповни налози од страна на членките на берзата на тој начин што приоритет добива налогот кој има порано време на внесување.

**Вкупна вредност на понудата/ Vlera totale e ofertës**

Вкупната вредност на понудата изнесува 120.000.000 (сто и дваесет) милиони денари.

**Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена: датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година)/ Periudha kohore në të cilën oferta do të jetë e hapur: data e fillimit të afatit për regjistrim (dita, muaji, viti); data e përfundimit të afatit për regjistrim (dita, muaji, viti); data e fillimit të afatit për bërje të pagesës (dita, muaji, viti); data e përfundimit të afatit për bërje të pagesës (dita, muaji, viti)**

Постапката на запишување и уплата ќе започне најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на Решението на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за давање одобрение за издавање на сопственички хартии од вредност по пат на јавна понуда II-ра емисија на обични акции.

Понудата и запишувањето на сопственичките хартии од вредност-обични акции ќе се врши по пат на јавна понуда преку Македонска Берза АД Скопје, согласно моделот на одредување на минимална продажна цена со давање приоритет на налози со повисока цена и порано време на внес на налог во БЕСТ системот.

Обичните акции може да се запишат и уплатат во рок од 60 дена сметано од иницијалниот ден на запишување и уплата на акциите.

Поканата за запишување и уплата на обичните акции ќе биде објавена на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на акциите.

Проспектот за запишување и уплата и Поканата за запишување и уплата на акциите ќе бидат објавени и на веб страницата на Македонска берза АД Скопје 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на акциите.

При запишувањето секој купувач треба да пополни изјава (уписница), која се дава истовремено со давање на налог за купување на обични акции од јавната понуда кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност-членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализација на налогот за купување.

Доколку пред истекот на рокот за запишување и уплата на сопственичките хартии од вредност-обични акции, се запишат и уплатат 100% од понудените акции, друштвото ќе ја затвори јавната понуда и преку соопштение за успешно реализирана јавна понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и јавноста.

Издавачот најдоцна во рок од 15 календарски денови од денот на завршување на јавната понуда ќе ја извести јавноста за процентот на реализација на јавната понуда преку процентот на запишани и уплатени обични акции во еден дневен весник кој излегува на територијата на РСМ.

Објавата за исходот на јавната понуда ќе биде објавен на веб страната на Македонска Берза АД Скопје и на веб страната на издавачот.

**Опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност, утврдена согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот/Përshkrim i procedurës së regjistrimit dhe pagesës të letrave me vlerë, e përcaktuar në përputhje me rregullat e një burse të autorizuar përmes së cilës do të bëhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi ka përmbyllur marrëveshje për këtë, dhe rregullat e një depozitari të autorizuar ku janë të regjistruara letrat me vlerë të emetuesit**

Запишувањето на јавно понудените сопственичките хартии од вредност -обични акции ќе се врши преку Македонска Берза АД Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр.75-Скопје, со која издавачот СВОД МАСТЕР АД Скопје, склучи договор заведен кај издавачот под бр. 24/0302-08 од 06.02.2025 година и заведен кај Македонска Берза АД Скопје под број 03-13411 од 07.02.2025 година.

Запишувањето на јавно понудените сопственичките хартии од вредност -обични акции ќе се врши во денови на тргување на Македонска Берза АД Скопје, во времетраење кој ќе биде одреден од страна на Извршниот директор на берзата.

Понудата и запишувањето на сопственичките хартии од вредност -обични акции ќе се врши по пат на јавна понуда преку Македонска Берза АД Скопје, согласно моделот на одредување на минимална продажна цена со давање приоритет на налози со повисока цена и порано време на внес на налог во БЕСТ системот.

При запишувањето секој купувач треба да пополни изјава (уписница), која се дава истовремено со давање на налог за купување на обични акции од јавната понуда кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност-членка на овластената берза и

овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализација на налогот за купување.

Сопственичките хартии од вредност-обични акции се уплатуваат во пари. Плаќањето се врши во денари согласно релевантната законска и подзаконска регулатива и прописи и правила на Македонската Берза АД Скопје.

Уплатата се врши наеднаш. Средствата за запишување и купување на обичните акции купувачите ги уплатуваат на сметки на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност-членки на Македонска Берза АД Скопје. Овластените учесници на пазарот на хартии од вредност-членки на Македонска Берза АД Скопје, уплатените средства за купување на сопственичките хартии од вредност -обични акции на дневна основа ги пренесуваат на посебната наменска сметка во Комерцијална банка АД Скопје, отворена за таа намена на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

Доколку исходот од јавната понуда на сопственичките хартии од вредност -обични акции е успешен т.е ако минимум 60% од понудените сопственичките хартии од вредност -обични акции се запишани и уплатени во предвидениот рок од 60 (шеесет) дена, друштвото доставува писмено известување за запишани и платени хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Во рок од 2 (два) дена од доставеното известување за запишаните и уплатените хартии од вредност, Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, врши порамнување на трансакциите според принципот „испорака наспроти плаќање“, при што дава инструкции за налог за пренос на паричните средства од посебната сметка за примање на паричните средства во текот на постапката за запишување на редовната сметка на издавачот, а во исто време ги префрлува хартиите од вредност на сметките за хартии од вредност на лицата кои запишале обични акции од новата емисија согласно Правилата за работа на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените/ Procedura për shpërndarje të letrave me vlerë në rast se janë të regjistruara dhe/ose të paguara më tepër letra me vlerë nga ato të ofruara**

Понудата и запишувањето на сопственичките хартии од вредност -обични акции ќе се врши по пат на јавна понуда преку Македонска Берза АД Скопје, согласно моделот на одредување на минимална продажна цена со давање приоритет на налози со повисока цена и порано време на внес на налог во БЕСТ системот. На тој начин не постои можност за продажба на повеќе обични акции од понудените со јавната понуда.

Уплатените средства за купување на сопственичките хартии од вредност -обични акции на купувач чиј налог не се реализирал, му се враќаат на дневна основа. Во случај на нецелосно реализирање на налогот на клиентот, повеќе уплатените средства се враќаат на клиентот на дневна основа.

**Доколку во актот за издавање на хартиите од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продават во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој е може да се запише и уплати/ Nëse në aktin për emetim të**

**letrave me vlerë është paraparë që letrat me vlerë të shiten në lots, ceken të dhënat për shumën më të vogël dhe/ose më të madhe që mund të regjistrohet dhe paguhet**

Во актот не е предвидено сопственичките хартии од вредност-обични акции да се продаваат во лотови.

**Начин на плаќање на хартиите од вредност, утврден согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот/ Mënyra e pagesës së letrave me vlerë, e përcaktuar në përputhje me rregullat e një burse të autorizuar përmes së cilës do të kryhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi ka përmbyllur marrëveshje për këtë dhe rregullat e një depozitari të autorizuar ku janë të regjistruara letrat me vlerë të emetuesit**

Сопственичките хартии од вредност-обични акции се уплатуваат во пари. Плаќањето се врши во денари согласно релевантната законска и подзаконска регулатива и прописи и правила на Македонската Берза АД Скопје.

Уплатата се врши наеднаш. Средствата за запишување и купување на обичните акции купувачите ги уплатуваат на сметки на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност-членки на Македонска Берза АД Скопје. Овластените учесници на пазарот на хартии од вредност-членки на Македонска Берза АД Скопје, уплатените средства за купување на сопственичките хартии од вредност -обични акции на дневна основа ги пренесуваат на посебната наменска сметка во Комерцијална банка АД Скопје, отворена за таа намена на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

**Податок за бројот на посебната сметка во банка на која ќе се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда/ E dhëna për numrin e llogarisë së posaçme në bankë në të cilën do të mbahen të gjitha pagesat e bëra nga blerësit deri në përfundimin e ofertës publike**

Сите уплатени средства за купување на сопственичките хартии од вредност -обични акции се чуваат на посебната наменска сметка во Комерцијална банка АД Скопје бр. 300000005273829 до завршувањето на јавната понуда.

**Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица – членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да запишат и купат хартии од вредност/Të dhëna (emërtimi, selia, adresa dhe numri i telefonit) për një bursë të autorizuar përmes së cilës do të kryhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi ka përmbyllur marrëveshje për këtë dhe për personat e autorizuar juridik – anëtarë të bursës së autorizuar dhe depozitarit të autorizuar dhe koha në të cilën palët e interesuara do mund të regjistrojnë dhe blejnë letra me vlerë**

Запишувањето на јавно понудените сопственички хартии од вредност -обични акции ќе се врши преку Македонска Берза АД Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр.75-Скопје, со тел.бр.02/3122-055 со која издавачот СВОД МАСТЕР АД Скопје, склучи

договор заведен кај издавачот под бр. 24/0302-08 од 06.02.2025 година година и заведен кај Македонска Берза АД Скопје под бр. 03-13411 од 07.02.2025 година.

Овластените учесници на пазарот на хартии од вредност-членки на Македонска Берза АД Скопје и Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и уплатат сопственичките хартии од вредност-II-ра емисија на обични акции по пат на јавна понуда се:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Илирика Инвестментс АД Скопје** | Бул. Св. Климент Охридски бр.45 кат 1 локал 8 Скопје | +389(2)3296853<br>+389(2)3296856 | info@ilirika.com.mk |
| **Еурохаус АД Скопје** | Бул. Св. Климент Охридски бр.52-а, влез 1, кат 2, број 5 Скопје | +389(2)3217078 | info@eurohaus.com.mk |
| **Инвестброкер АД Скопје** | Ул. Истарска бр.33 Скопје | +389(2)3110290;<br>+389(2)3110280;<br>+389(2)3103293 | investbroker@investbroker.com.mk |
| **Иново Брокер АД Скопје** | Бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1-4 Скопје | +389(2)3120941 | office@innovobroker.com |
| **Комерцијална банка АД Скопје** | Ул.Орце Николов бр.3 Скопје | +389(2)3247440;<br>+389(2)3247431;<br>+389(2)3168321;<br>+389(2)3247432;<br>+389(2)3168328 | contact@kb.com.mk<br>investor.relations@kb.com.mk |
| **НЛБ Банка АД Скопје** | Бул.Мајка Тереза бр.1 Скопје | +389(2)5100354;<br>+389(2)5100352; | broker@tb.com.mk |
| **Стопанска банка АД Скопје** | Бул.11 Октомври бр.7 Скопје | +389(2)3295405;<br>+389(2)3295406;<br>+389(2)3295407 | broker@stb.com.mk |
| **ТТК банка АД Скопје** | Ул. Народен Фронт б.19а Скопје | +389(2)3247000;<br>локал 495, 496, 497 | ttkbroker@ttk.com.mk |
| **Фершпед брокер АД Скопје** | Ул. Македонија бр.11А Скопје | +389(2)3219333;<br>+389(2)3219310;<br>+389(2)3219470; | broker@fersped.com.mk |
| **Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје** | Ул.Македонија бр. 34 Скопје | +389(2)3200785;<br>+389(2)3200592;<br>+389(2)3200586; | MLBrokerSPsMAK@sparkasse.mk |
| **Халк Банка АД Скопје** | Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54, Скопје | +389(2)3285628;<br>+389(2)3285728;<br>+389(2)3285450; | brokerHB@halkbank.mk |

**(од 8:00 до 16:00 часот, работни денови во неделата: Понеделник до Петок)**

**4. Известување дека проспектот е достапен за јавноста и место каде потенцијалните инвеститори ќе може да го добијат проспектот/ Njoftim se prospekti është i qasshëm për publikun dhe vendi ku investitorët potencial do mund të marrin prospektin**

**4. Известување дека проспектот е достапен за јавноста и место каде потенцијалните инвеститори ќе може да го добијат проспектот/ Njoftim se prospekti është i qasshëm për publikun dhe vendi ku investitorët potencial do mund të marrin prospektin**

Проспектот и документацијата поврзана со јавната понуда на сопственичките хартии од вредност-II-ра емисија на обични акции, достапна е на интернет страницата на СВОД МАСТЕР АД Скопје, https://home.gley.mk/, или www.svod.mk, во просториите на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност-членки на Македонска Берза АД Скопје, интернет страната на Македонска Берза АД Скопје www.mse.mk преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат обични акции-II-ра емисија издадени од СВОД МАСТЕР АД Скопје.

**СВОД МАСТЕР АД Скопје**

**Дарко Перушески, Главен извршен директор**

Друштво за услуги СВОД МАСТЕР АД СКОПЈЕ